Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса" од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија" од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија" од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право" од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие" (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КОНФЕКЦИСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА И КОАВТОРОТ М-Р САШКА ГОЛОМЕОВА ОД ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, како и Одлуката бр.2802-53/6 од четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 15.5.2013 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ од авторот доц. д-р Елизабета Митрева и коавторот пом. асис. м-р Сашка Голомеова наменет за студентите од прв циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата **„МЕНАЏМЕНТ НА КОНФЕКЦИСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ“** е наменета главно за студентите од Технолошко-техничкиот факултет. Предметот се изучува во осми семестар во четврта година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за обем на ракописот. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 137 страници, од кои на 134 страници е претставен основниот текст, на 3 страници се поместени 64 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература, што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторот даваат шеми (7) за сè што може на сликовит начин да се претстави за полесно да се разбере и запамети од страна на читателот.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов. Скриптата е напишана на оригинален начин и во неа е поместена проблематиката од областа на менаџмент со конфекциско претпријатие. Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Скриптата „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ се состои од четиринаесет тематски целини: 1. Важноста на малите и средни конфекциски претпријатија (МСП) во светската и домашната економија; 2. Дефинирање профил на успешно конфекциско претпријатие, како и потребните подготовки за да се почне со конфекциски бизнис; 3. Животниот век на конфекциските фирми прикажан преку етапите на развој; 4. Какви типови менаџери се потребни во една конфекциска компанија; 5. Започнување со конфекциски бизнис од идеи и стратегии; 6. Животен век на конфекциски производ откако ќе се појави на пазарот; 7. Екипирање со неопходните човечки ресурси; 8. Дилемата дали да се основа сопствено конфекциско претпријатие или да се купи постојно; 9. Зошто се јавува потребата од бизнис план; 10. Извори за финансирање на конфекциски бизнис и наоѓање можности за добивање финансиски средства; 11. Правна форма на конфекциски претпријатија и кој

модел е најдобар; 12. Интелектуална сопственост на марка на конфекциски производ; 13. Деловна култура на конфекциско претпријатие; 14. Основни вештини со кои треба да располагаат претприемачите во конфекциските претпријатија.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во првото поглавје од скриптата е опфатено значењето и улогата на малите и средни конфекциски претпријатија (МСП) во светската економија. Исто така, во поглавјето се опфатени и разработени развојот на конфекцискиот бизнис во земјите во развој (ЗВР) и во економиите во транзиција.

Во второто поглавје авторите даваат приказ на еволутивниот развој на менаџментот на конфекциските претпријатија и зошто се јавила потребата од претприемнички конфекциски претпријатија. Во ова поглавје е нагласена потребата од неопходните подготовки за да се почне со претприемнички конфекциски бизнис.

Во третото поглавјето авторите се осврнуваат на стадиумите од животниот век на конфекциските претпријатија, од стадиум на развој, преку стадиум на зреење до стадиумот на стареење на конфекциските фирми. Во оваа поглавје се разработуваат моделите како да се одбегнуваат препреките и замките на патот кон ПРИМА како идеална состојба и како да се креира претприемачка клима во конфекциски претпријатија.

На проблематиката поврзана со тоа какви менаџери се потребни зависно од животниот век на конфекциска компанија авторите го посветиле четвртото поглавје во скриптата.

Во петтото поглавје од скриптата авторите ги разработуваат идеите и стратегиите за почнување конфекциски бизнис. Во ракописот се дадени чекори во процесот на развој на нов конфекциски производ.

Во шестото поглавје авторите го насочуваат фокусот на вниманието кон животниот век на конфекциски производ откако ќе се најде на пазарот. Во ова поглавје е нагласена потребата од повеќе стратегии кои се применуваат за да се зголеми векот на конфекцискиот производ зависно од неговиот животен циклус.

Значајно внимание за екипирањето на човечките ресурси авторите посветиле во седмото поглавје, каде што ги разработуваат најважните прашања за тимската работа како предуслов за градење добро конфекциско претпријатие. Овде посебно место заземаат проблематиките како да се постигне ефикасност во претприемачките тимови и како да се постигне ефикасност во донесување одлуки. Понатаму во поглавјето се опфатени модели и фази во формирањето претприемачки тимови зависно од деловните процеси и пресретнување на желбите и барањата на купувачите.

Дилемата дали да се основа сопствено претпријатие или да се купи постојно конфекциско претпријатие, авторите ја разработиле во осмото поглавје каде што се осврнуваат на основните начела да се основа сопствена конфекциска компанија, но и можностите да се купи постојно претпријатие или да се работи под франшиза.

Во деветтото поглавје авторите ја разработуваат проблематиката на планирање на активностите во конфекциско претпријатие и потребата од изработка на бизнис план. Понатаму во поглавјето се опфатени елементите на бизнис планот и негова подготовка зависно од потребите на бизнисот.

Прашањата за изворите за финансирање на конфекциски бизнис и можностите за добивање средства се содржани во десеттото поглавје од скриптата. Во него се разработени долгорочното и краткорочното финансирање на малиот бизнис и како да се дојде до финансии преку земање опрема на лизинг.

Правната форма на конфекциските претпријатија е обработена во единаесеттото поглавје. И во ова поглавје се разработуваат основните форми на организирање на конфекциски претпријатија, а значајно место е посветено на почетниот капитал и финансиските планови.

Интелектуалната сопственост и како да се заштитат бизнис идеите е содржано во дванаесеттото поглавје од скриптата. Покрај можноста претприемачот да ја направи својата идеја во марка на производот, одржливиот развој и препознатливоста на пазарот се исто така значајна моторна сила за секоја конфекциска компанија.

Креирањето деловна култура е опфатено во тринаесеттото поглавје, каде што се разработуваат најважните прашања за етиката и општествена одговорност на едно конфекциско претпријатие. Во ракописот е дадена методологија за развој на програмата за корпоративна етика, која ќе им помогне на читателите и менаџерите во градење етички норми и вредности спрема вработените, деловните партнери, купувачите, комитентите и заедницата.

Во последното четиринаесетто поглавје се опфатени различните менаџмент вештини кои ќе им помогнат на читателите и менаџерите во управувањето со конфекциски претпријатија. Понатаму во поглавјето се опфатени и стратегии како да се унапредат вештините на менаџерите во комуницирањето со вработените и опкружувањето, како и некои техники при преговарање во продажбата на бизнис-идејата, производот или услугата.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна скрипта по предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Технолошко-техничкиот факултет. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Според наши сознанија, ваква скрипта, која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот Менаџмент на конфекциско претпријатие на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавена.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му ја препорачуваме скриптата „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ **од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Сашка Голомеова да ја прифати како ИНТЕРНА (РЕЦЕНЗИРАНА) СКРИПТА.**

Скопје, април 2013 г.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Виолета Чепујноска, редовен професор во пензија,**
**Технолошко - металуршки факултет - Скопје**
**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**
**Д-р Горан Дембоски, редовен професор,**
**Технолошко - металуршки факултет - Скопје**
**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот Наслов на тема | Одлука бр. | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **Факултет за информатика** | | | | |
| 1 | Користење на QR (Quick Response) кодови во образованието | 2002-59/10 од 09.05.2013 | Доц. д-р Наташа Коцеска | Симона Шпигова |